РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 1401-409/6
09.10.2020

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo
Pranuar / Примено / Received 16.10.2020
03. 2616/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 6 седница одржана на 26.08.2020 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Бизнис администрација“ од трет циклус докторски студии на англиски јазик на Факултет за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово.**

1. Се акредитира студиската програма „Бизнис администрација“ трет циклус докторски студии на англиски јазик на Факултет за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски/стручен назив: доктор по економски науки, бизнис администрација /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Economic Science, Business Administration.

4. Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки
Научно – истражувачко поле: 503 Економски науки, 506 Организациони науки и управување (менаџмент)
Научно – истражувачка област: 50300-50328, 50329-Друго, 50600-50623, 50624-Друго.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Абдулменаф Беџети, проф. д-р Изет Зекири, проф. д-р Миролјуб Шукаров, проф.д-р Неџби Весели, проф.д-р Насир Селими, проф.д-р Бесник Фетаи, проф.д-р Руфи Османи, прорф. д-р Садудин Ибраими, проф. д-р Мурат Садики, проф. д-р Веланд Рамадани, проф. д-р Гадаф Реџепи, проф. д-р Јусуф Зекири, проф. д-р Јетон Мазлами, проф. д-р Садри Алији, проф. д-р Селајдин Абдули, проф. д-р Шенај Хаџимустафа, проф. д-р Хурије Абази - Алили.

[1] 03-2616/2 [2020]

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 08-3595/2 од 10.12.2019 година од страна на Сенатот на универзитетот за усвојување на студиската програма „Бизнис администрација“ од трет циклус (докторски) академски студии на англиски јазик на Факултет за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа - Тетово, до Одборот за акредитација на високото образование достави барање бр. 1409-409/2 од 16.12.2019 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3-та седница одржана на 01.07.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр. 1409-409/3 од 01.09.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 6-та седница одржана на 26.08.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 1409-4.11/4
26.01.2021 20
Скопје - Shkup

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar / Примено | 15.02.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Org.njesi / Орг.един. | Broj / Број | Prilog / Прилог | Vlera / Вредност |
| 03 | 352/1 | 0 | |

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 10-та седница одржана на 28.12.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Бизнис администрација" од трет циклус докторски студии на Факултет за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово.**

1. Се акредитира студиската програма „Бизнис администрација" трет циклус докторски студии на Факултет за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по економски науки, насока Бизнис администрација /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Economic Science, Module: Business Administration.

4. Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки
Научно – истражувачко поле: 503 - Економски науки, 506 - Организациони науки и управување (менаџмент)
Научно – истражувачка област: 50300 – 50328; 50329 – Друго;50600 – 50623;50624 – Друго

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
Проф. д-р Абдулменаф Беџети, проф. д-р Изет Зекири, проф.д-р Мирољуб Шукаров, проф.д-р Неџби Весели, проф.д-р Насир Селими, проф. д-р Бесник Фетаи, проф. д-р Руфи Османи, проф. д-р Садудин Ибраими, проф.д-р Мурат Садику, проф.д-р Веланд Рамадани, проф. д-р Гадаф Реџепи, проф. д-р Јусуф Зекири, проф.д-р Јетон Мазлами, проф.д-р Садри Алији, проф. д-р Селајдин Абдули, проф. д-р Шенај Хаџимустафа, проф.д-р Хирије Абази Алили.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

[1] 03-352/1 [2021]

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 08-3595/2 од 10.12.2019 год. година од страна на Сенатот на универзитетот за усвојување на студиската програма „Бизнис администрација“ од трет циклус докторски студии, на Факултет за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа - Тетово, до Одборот за акредитација на високото образование достави барање бр. 1409-411/1 од 16.12.2019 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3 седница одржана на 01.07.2020година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.1409-411/3 од 05.01.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 10-та седница одржана на 28.12.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски